ОСНОВЕН СУД КРУШЕВО
Су.бр. 05-10/2015
24.11.2015 год.

Претседателот на Основниот суд во Крушево Благоја Бошкоски врз основа на чл.162 од Законот за јавни набавки (Сл.весник на РМ бр.27/15 од 23.02.2012 год), одлучувајќи по предлогот за избор за избор на најповолна понуда на Комисијата за јавни набавки од 23.11.2015 год. на екстра лесно гориво за греење (ЕЛ-1) за загревање на работните простории на Основен суд Крушево, во количина од 10.000 литри, вкупна вредност на понудата 322.000,00 ден. без ДДВ или 32,20 ден по литар без ДДВ донесен врз основа на критериумот за доделување на договорот утврден во Огласот и во тендерската документација на ден 24.11.2015 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А

За најповолна понуда во постапката со прибирање на понуди со објавување на оглас бр. 05-10/2015 во ЕСЈН – Набавка на екстра лесно гориво за греење (ЕЛ-1) за загревање на работните простории на Основен суд Крушево, количина од 10.000 литри

- СЕ ИЗБИРА понудата на понудувачот МАКПЕТРОЛ АД Скопје.

## О б р а з л о ж е н и е

Комисијата за јавни набавки на ден 23.11.2015 год. донесе предлог за избор за избор на најповолна понуда во постапката за набавка на екстра лесно гориво за греење (ЕЛ-1) во кој како најповолна ја предложи понудата на понудувачот МАКПЕТРОЛ АД Скопје и истиот ден предлогот за избор на најповолна понуда го достави на Претседателот на судот.

Претседателот на судот, одлучувајќи по предлогот на Комисијата за избор на најповолна понуда, најде дека истиот е донесен врз основа на критериумот за доделување на договорот утврден во Огласот и во тендерската документација-најниска цена од 32,20 ден по литар без ДДВ која е реална на пазарните цени и прифатлива поради што го прифати предлогот и донесе одлука за избор на најповолна понуда.

Основен суд Крушево на ден 24.11.2015 година.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СУДОТ,
Благоја Бошкоски

ПРАВНА ПОУКА: Рок за жалба 3 дена од приемот на Одлуката до Договорниот орган и до Државната комисија за жалби по јавни набавки.